

Ѕвездата од Кутлеш е симболот кој го користат Македонците. Тоа е сонце со 16 краци и е симбол на македонскиот народ, земја и култура.

Во 1977 во селото Кутлеш беше откопана во еден археолошки локалитет и според името на селото Кутлеш, денес така и се нарекува симболот. Во гробот што бил откриен пронајдена е златна плоча со изгравирано сонце на неа. Денес таа пронајдена плоча се чува во музејот во Кутлеш, Егејска Македонија.

Ѕвездата се користела за време на Кралство Македонија и во Република Македонија од јули 1992 до 1995 година кога е сменето со денешното македонско знаме.

Денешното македонско државно знаме е стилизирана верзија на Ѕвездата од Кутлеш, со осум краци наместо шеснаесет.

Симболот се користел отсекогаш за означување и истакнување на македонскиот идентитет. Низ вековите, македонскиот народ секогаш го користел симболот во своето секојдневие и активности. За важноста на симболот за македонскиот народ сведочат и голем број на икони во кои се нацртани 16-краки ѕвезди или во поупростената верзија ѕвезда со осум краци.

**Денес, симболот го користат скоро сите македонски здруженија во дијаспората, Светскиот Македонски Конгрес, македонската општина Пустец во Албанија, многубројни организации во Македонија и**

**беше
државно
знаме
на
Македонија
од
1991
до
1995
година
.**

Од друга страна пак, Грција вештачки го прифаќа како сопствен симбол со тоа што Беломорска Македонија го има истото знаме, но со сина позадина.

Симболот и грбот на македонската општина во Албанија, Пустец, е официјален грб на општина Пустец. Грбот се состои од златна 16 крака Ѕвезда од Кутлеш на црвена основа. Над Ѕвездата од Кутлеш стои натписот Општина Пустец на македонски јазик, а додека на долниот дел стои натписот Komuna e Liqenas (Општина Пустец на албански јазик).




***Грб на Општина Пустец***

Грбот на ОМО Илинден - Пирин е официјален грб на политичката партија на Македонците во Пиринска Македонија.

На грбот е претставена зелена планина што ја симболизира Пиринска Македонија. Во позадина на планината е претставена Ѕвездата од Кутлеш и го симболизира македонскиот народ, територија, историја и идентитет.

Во подножјето на планината се претставени три цвета.

Македонците од Пиринска Македонија доста често го користат нашето национално знаме што се користеше до 1995 година.



***Грб на ОМО-Илинден Пирин - Политичка партија на Македонците во Бугарија***



***Знаме на Македонија од 1992 до 1995***



***Грб на Светскиот Македонски Конгрес***